РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-3037/2
22-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 38-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 15 Септември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3037/1 од 10.06.2019 година на подносителот --------------------- од ----------------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3037 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3037/1 од 10.06.2019 година.

Предметот со број 12-3037 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-3037 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-3037/1 од 10.06.2019 година, од познат подносител - физичко лице, ------------------ од ---------------, со познати адресни податоци.

Со предметната пријава, насловена како приговор, се изразуваат незадоволство на подносителот и сомневања за корупција во постапки за вработување во --------------------------------. Имено, подносителот на пријавата е дипломиран ------------------------ и е невработен веќе осум години и, како што наведува, се пријавува на секој објавен оглас за вработување во посоченото ----------------------, без позитивни резултати.

Дел од наводите на подносителот на пријавата се однесува на периодот од месец мај ------------- година до месец јануари -------------- година, во кој интервал подносителот се пријавил, најнапред, на јавен оглас за вработување во ---------------------- објавен на --------------------- година , но и покрај тоа што ги исполнувал сите услови и уредно се пријавил не бил избран за прием и вработување. Во прилог кон пријавата, за овој посочен период, од подносителот е доставена копија од јавниот оглас за прием на ----------------- извршители со средно образование и ----------------------- извршители – приправници со високо образование, од кои ----------------- со завршен -------------------, додека за останатаите ------------------ работни места се бараат извршители со завршен ----------------------- факултет --------------------------.

Со јавниот оглас се определени општите услови и посебните услови, -------------------- и ---------------- на кандидатите кои се бараат од пријавените кандидати. Предвидени се административна селекција, писмено тестирање, ------------------------------------. Како ------------------ услов се предвидени -------------------------------- на пријавените кандидати. Со огласот е предвидено дека со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување и дека по истекот на периодот за -----------------------------------------------------------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По однос на овој јавен оглас подносителот не посочува конкретни сомневања за постапката, за извршената селекција и за извршениот избор на кандидати за вработување.

Како посебен случај за кој има одредени сомневања подносителот ја посочува постапката за вработување на --------------------- во ---------------------------------, во месец ----------------- -----------------година, по однос на која се повикува на гласини дека избраните кандидати во оваа постапка се ----------------------- и дека не биле пријавени на огласот за вработување, а посочува на тоа дека две од лицата кои се избрани за прием и вработување --------------------------------------- односно дека -----------------------------, а едно ----------------------. По однос на ова подносителот не наведува стриктно за кој оглас за вработување се работи.

Во останатиот дел од пријавата подносителот посочува и на вработувања реализирани во месец ------- ---------------------- година и тоа на едно лице кое "започнало со работа" во --------------------, на -------------------- година, за потоа да биде распоредено во ---------------------- и на едно лице вработено, исто така, на почеток на ---------------------- година, во --------------------------------, иако – како што наведува, не бил објавен јавен оглас за вработување -------------------------------- и воедно изразува сомневања дека лицето не било пријавено на јавниот оглас. По однос на последното наведено вработување подносителот посочува дека е "по брза постапка" со нагласување дека е "итно и неодложно" и истото го смета за неправилност бидејќи, според подносителот итно и неодложно подразбира вработување на лице на кое работата му е неопходна, кое нема примања и повеќе години чека на вработување во ваква институција.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека пријавата не упатува на конкретни злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица од ------------------------------------ кои постапувале во посочените постапки за вработување, на што исто така не упатува ни самиот факт дека за прием во вработување не е избран подносителот на пријавата и особено што, видно од пријавата, истиот против донесените одлуки за избор на кандидати за вработување не користел правни средства во постапките во кои се пријавил/учествувал како пријавен кандидат за вработување.

Според наводите содржани во пријавата бр. 12-3037/1 од 10.06.2019 година и од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека истата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 15 Септември 2020 година по број 12-__________/___**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска-Дојчиновска**

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup
Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот